## ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПРАКТИКАНТИ ВО ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

### Вовед

Согласно начелото на транспарентност поврзано со Законот за заштита на личните податоци, ТТК Банка АД Скопје (во понатамошен текст: Банката) ги објавува овие Информации за обработка на личните податоци на кадидатите за вработување/кандидати за практична работаво Банката кои доставуваат апликации при процес на селекција на кандидати за вработување и практиканти за студентска пракса или преку програми на Агенција за вработување на РМ. (во понатамошниот текст: кандидати/практиканти) .

Овие информации  имаат за цел да ги запознаат кандидатите/практиканти со нивните права во врска со обработката на личните податоци, односно за начинот на собирање, обработка и чување на личните податоци во процесот на селекција на кандидати и можното идно склучување на договор за вработување, договор за вршење на практична работа на студенти или практична работа преку програми на Агенцијата за вработување на РМ.

При обработката на личните податоци, Банката постапува во согласност со начелата за обработка на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, односно личните податоци:

- ги обработува согласно закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на кандидатите/практикантите;
- ги собира за конкретни, јасни и легитимни цели и не ги обработува на начин што не е во согласност со тие цели;
- се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат;
- ги чува не подолго од предвидениот рок на чување на податоците;
- ги обработува на безбеден начин, со примена на соодветни технички и организациски мерки кои гарантираат заштита од неовластена или незаконска обработка.

### Идентитет и контакт податоци на контролорот

Назив на конролорот: ТТК Банка АД Скопје
ЕДБ:4030006597638
Седиште: ул.„ Народен фронт“ 19 А, Скопје
e-mail  ttk@ttk.com.mk
тел.: 02/32 47 000

### Контакт податоци на офицерот за заштита на лични податоци

E-mail: oficerzlp@ttk.com.mk
тел: 02/32 47 000 лок. 421

### Лични податоци кои се обработуваат од страна на Банката

Банката ги обработува следниве лични податоци на кандидатите за вработување и практикантите (студенти или невработени лица преку програма на АВРМ) :

- име и презиме на кандидатот;
- датум и место на раѓање;
- адреса на живеење;
- пол;
- образование (име на институција, степен на образование, период,број на индекс (само за практиканти) странски јазици) и други облици на стручно оспособување;
- работно искуство (име на компанијата, работно место, период);
- контакт податоци (e-mail адреса и телефонски број);
- податоци за посебни знаења и вештини;
- висина на надомест од АВРМ за практична работа;
- други податоци кои може да ги содржи личната биографија.

Покрај податоците од личната биографија, Банката ги обработува и податоците содржани во документите кои кандидатите/практикантите би ги доставиле во прилог на личната биографија, односно мотивационо писмо, сертификати и уверенија, препораки и слично.
Исто така, за избраните кандидати за вработување, Банката може да обработува податоци од потврда за неизреченост на прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, а за одредени работни позиции, дефинирани со закон, може да обработува и податоци од потврда за казнена евиденција.

Пристап до личните податоци на кандидатите/практикантите имаат само одредени овластени лица во Банката поради извршување на нивните работни обврски и Агенцијата за вработување на РМ доколку практичната работа се одвива преку оваа институција, во обем неопходен за таа цел.

**Начин на собирање на личните податоци :**

Банката ги собира горенаведените податоци директно од кандидатите/ практикантите преку личните биографии и другите пропратни документи кои ги доставуваат при апликација и во текот на целиот процес на селекција за вработување/практична работа. Доставата на податоците може да се врши при регистрација на кандидатите на web страна на Банката (www.ttk.com.mk) , на e-mail адресата kariera@ttk.com.mk или преку пошта во деловните простории на Банката.

**Правна основа и цели на обработка на личните податоци :**

Личните податоци на кандидатите /практикантите Банката ги обработува во согласност со Законот за заштита на лични податоци, а врз основа на важечките законски и подзаконски прописи (Закон за работни односи, Закон за евиденциите од областа на трудот, итн.). и како услов кој е потребен за склучување на договор за вработување/практична работа.

Основна цел на обработката на личните податоци на кандидатите е идентификација и преземање дејствија за целите на процесот на селекција, избор и регрутација на кандидати за вработување или ангажирање на практиканти за практична работа (студентска пракса или преку програмите на АВРМ).

Доколку кандидатот/практикантот не ги достави потребните лични податоци, не може да пристапи до постапката за селекција и избор на кандидати за огласеното место односно кон остварување на практична работа во банката.
Доколку сте дале согласност за користењето на вашите лични податоци за последователно вклучување во евентуална идна постапка за избор, тогаш Банката може

да ги користи вашите податоци собрани во овој процес за овие цели врз основа на вашата согласност во времетрање од 6 месеци, со напомена дека таквата согласност можете да ја повлечете во секое време.По изминување на овој рок податоците ќе се избришат.

**<u>Временски период за чување на личните податоци</u>**

Личните податоци на кандидатите за вработување се чуваат во времетраење од:

- 6 месеци за неизбрани кандидати и закандидати кои доставуваат лични биографии без објавен оглас
- 2 години за практикантите кои извршуваат практична настава согласно потребите од студиската програма на образовните институции и за пактикантите согласно програмите на АВРМ

Личните податоци на избраните кандидати, по воспоставување на работниот однос во Банката ќе се чуваат во роковите кои се пропишани за вработените во Банката, за што ќе бидат дополнително информирани при процесот на вработување.

**<u>Доставување на личните податоци на други корисници</u>**

Банката, не ги открива ниту доставува личните податоци на други корисници, освен до Агенцијата за вработување на РМ на која и ги споделува личните податоци на практикантите доколку се ангажирани преку програмите на оваа институција, во обем неопходен за извршување на практичната работа.

Личните податоци не се пренесуваат во друга држава.

**<u>Автоматско донесување на одлуки</u>**

Банката не користи системи за одлучување засновани единствено на автоматизирана обработка на личните податоци за кандидатите за вработување и практикантите.

**<u>Права на кандидатите/практикантите во врска со заштитата на личните податоци</u>**

Согласно Законот за заштита на личните податоци кандидатите/практикантите ги имаат следниве права поврзани со заштитата на нивните лични податоци:

- право на информации за обработка на личните податоци  и право на пристап до нивните лични податоци, односно право да добијат потврда од Банката  дали се обработуваат нивните лични податоци,
- право на исправка на неточни или нецелосни лични податоци,
- право на бришење на личните податоци  доколку личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани,
- право на пренос на личните податоци кои ги имаат дадено на Банката, доколку обработката е заснована врз основа на дадена согласност или врз основа на договорна обврска и се врши на автоматизиран начин.
- право на ограничување на обработка на личните податоци, доколку се исполнети законските услови за тоа.
- право на приговор и/или права поврзани со автоматизирано донесување на одлуки, во случаи утврдени со закон

Кандидатите/практикантите доколку сакаат да остварат некое од погоре наведените права, тоа може да го направат со поднесување на барање по писмен пат, односно по пошта на горенадевената адреса на Банката и по електронски пат на e-mail на Банката наменет за поднесување на апликации ( kariera@ttk.com.mk ) или на Офицерот за заштита на личните податоци (oficerzlp@ttk.com.mk ). Банката доколку има основано сомневање во врска со идентитетот на физичкото лице што го поднесува барањето, во интерес на правата на кандидатот/практикантот може да побара доставување на дополнителни информации потребни за утврдување на идентитетот на физичкото лице.

Доколку кандидатот/практикантот смета дека е повредено некое негово право во врска со заштита на неговите лични податоци, има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци.